**НАРОДНА БАНКА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

# АНКЕТА ЗА КРЕДИТНАТА АКТИВНОСТ ПО ГРУПИ БАНКИ

ТРЕТ КВАРТАЛ, 2018 ГОДИНА

октомври 2018 година

# *Резиме на резултатите од Анкетата за кредитната активност по групи банки*[1,2]

## *Големи банки*

### Кредити на претпријатијата

- Кредитна политика: натамошно нето-олеснување на условите за одобрување корпоративни кредити, со речиси иста динамика како и во претходната анкета.

- Кредитна побарувачка: непроменетост кај побарувачката на корпоративни кредити, наспроти нето-зголемување на побарувачката во претходната анкета.

- Очекувања за четвртиот квартал на 2018 година: натамошно нето-олеснување на кредитните услови на корпоративните кредити, при нето-зголемување на побарувачката, со слична динамика како и во претходната анкета.

### Кредити на домаќинствата

- Кредитна политика: натамошно нето-олеснување на кредитните услови за одобрување кредити на домаќинствата, но послабо од претходната анкета.

- Кредитна побарувачка: натамошно нето-намалување на побарувачката на кредити за домаќинствата, но посилно во споредба со претходната анкета.

- Очекувања за четвртиот квартал на 2018 година: натамошно нето-олеснување на кредитните услови, со слична динамика како во претходната анкета, при натамошно нето-зголемување на побарувачката на кредитите за домаќинствата, но значително посилно во однос на очекувањата од претходната анкета.

## *Средни банки*

### Кредити на претпријатијата

- Кредитна политика: Непроменети кредитни услови за одобрување корпоративни кредити, како и во претходната анкета.

- Кредитна побарувачка: мало нето-зголемување на побарувачката на кредитите на претпријатијата, наспроти малото нето-намалување во претходната анкета.

- Очекувања за четвртиот квартал на 2018 година: нето-заострување на кредитните услови за корпоративните кредити, при натамошно нето-зголемување на побарувачката, слично како и во претходната анкета.

---

[1] Методологијата на Анкетата за кредитната активност по групи банки е претставена во посебен прилог којшто може да се најде на следнава врска: Методологија на анкетата за кредитната активност.
[2] Временска серија од податоците на Анкетата за кредитната активност по групи банки може да се најде на следнава врска: Временска серија по групи банки.

## Кредити на домаќинствата

- Кредитна политика: нето-заострување на кредитните услови за одобрување кредити на домаќинствата, наспроти малото нето-олеснување во претходната анкета.

- Кредитна побарувачка: нето-намалување на побарувачката на кредитите за домаќинствата, наспроти малото нето-зголемување во претходната анкета.

- Очекувања за четвртиот квартал на 2018 година: натамошно нето-олеснување на кредитните услови, при нето-зголемување на побарувачката на кредити за домаќинствата, слично како и во претходната анкета.

# *Мали банки*

## Кредити на претпријатијата

- Кредитна политика: непроменети кредитни услови за одобрување корпоративни кредити, наспроти  нето-заострувањето во претходната анкета.

- Кредитна побарувачка: непроменета побарувачка на кредитите на претпријатијата, наспроти нето-намалувањето на побарувачката во претходната анкета.

- Очекувања за четвртиот квартал на 2018 година: непроменети кредитни услови и побарувачка на кредити за корпоративниот сектор, исто како и во претходната анкета.

## Кредити на домаќинствата

- Кредитна политика: натамошно нето-олеснување на кредитните услови за одобрување кредити на домаќинствата, со слична динамика како и во претходната анкета.

- Кредитна побарувачка: нето-намалување на побарувачката за кредитите за домаќинствата, наспроти непроменетата побарувачка во претходната анкета.

- Очекувања за четвртиот квартал на 2018 година: нето-заострување на кредитните услови наспроти непроменетоста во претходната анкета, при натамошно нето-зголемување на побарувачката на кредити за домаќинствата.